Проектот е финансиран од Фондација
Отворено општество-Македонија

# Начелото на пресумпција на невиност треба доследно да биде почитувано во судските постапки!

Во Уставот на Република Северна Македонија, членот 13 вели: лицето обвинето за казнено дело ќе се смета за невино сé додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска одлука. Освен што ова начело е предвидено во највисокиот правен акт на нашата држава, истото е предвидено и во Европската конвенција за човекови права (во понатамошниот текст: ЕКЧП) во членот 6. Секој обвинет за кривично дело има право да се претпоставува дека е невин сé додека не се докаже неговата вина во согласност со законот на јавно и фер судење, на кое тој ги има сите гаранции неопходни за неговата одбрана. Никој нема да се смета за виновен за кое и да е кривично дело поради дејство или пропуст, што не претставувале кривично дело според националното или меѓународното право во времето кога тоа било сторено. Исто така, не смее да се изрече казна поголема од онаа што се применувала во времето кога било сторено кривичното дело.

Имено, членот 5 од Законот за кривична постапка предвидува дека лицето обвинето за кривично дело има право на правично и јавно судење пред независен и непристрасен суд да ги изнесе сите докази во негова корист и да го оспорува обвинението.

**Коалицијата „Сите за правично судење“ ја истакнува својата загриженост за постапувањето на судот во предметот К-388/20 што се води пред Основниот суд во Струмица** за кривичното дело чл.130 ст.2 вв. ст.1 вв. чл.22 и чл.144 ст.2 вв. ст.1 вв.чл.22 од Кривичниот законик против 2 обвинети лица, а во насока на несоодветното применување на институтот признание на вина како и поради непочитувањето на начелото на пресумпција на невиност што е спротивно на Законот за кривична постапка. Имено, на ден 25.06.2020 година на одржаното рочиште по овој предмет, од страна на професионалниот набљудувач на Коалицијата евидентирано е прекршување на процесните правила во однос на судската постапка од страна на судот. Поточно, судијата кој што го води предметот, поставувајќи им прашања на обвинетите за нивната претходна осудуваност, како и за тоа дали на тековното рочиште ќе признаат вина излегол надвор од рамките на своите овластувања и извршил суптилен притисок на истите во насока на користење на институтот признание на вина. Конкретно, во текот на главната расправа, откако еден од обвинетите признал вина, додека пак другиот обвинет се изјаснил дека не се чувствува виновен, спротивно на Законот за кривична постапка, судијата кво неколку наврати го убедувал и вториот обвинет да признае вина како би добил поблага казна, а воедно на истиот му било укажано и дека веќе бил еднаш осудуван.. Од ваквото постапување на судијата може да се заклучи дека тој веќе имал оформено мислење за обвинетите лица кое што влијаело на одлучувањето, така што без разлика дали обвинетите би признале вина или постапката би продолжила во фаза на изведување на докази , исходот би бил ист, од што јасно се гледа дека не е почитувано начелото на пресумпција на невиност.



*Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту Еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество-Македонија.

Начелото за пресумпција на невиност бара, inter alia, при извршувањето на своите должности, членовите на судот да не започнуваат со предрасуди дека обвинетото лице го сторило делото за коешто е обвинето; товарот на докажувањето е на обвинителството и секое сомневање треба да биде во корист на обвинетото лице.[1]

Европскиот суд за човекови права (во понатамошниот текст: ЕСЧП) во пресудата *Нештак против Словачка*[2] утврдува повреда на чл.6 од ЕКЧП и смета дека пресумпцијата на невиност според членот 6 е нарушена ако судска одлука или изјава на јавен службеник односно судија во врска со лице обвинето за кривично дело одразува мислење дека тој е виновен пред тоа да биде докажано според закон. Додека пак во пресудата *Гарицки против Полска*[3] судот сметка дека тоа е доволно, дури и во отсуство на каков било официјален заклучок, доколку има некои размислувања кои сугерираат дека судот или службеникот го сметаат обвинетиот за виновен претставува повреда на начелото на пресумпција на невиност.

Со започнување на кривичната постапка, односно главната расправа, по поуката за правата на обвинетиот без оглед на природата и тежината на кривичното дело за кое се води постапката, обвинетиот може доброволно да ја признае вината во однос на едно или повеќе кривични дела кои му се ставаат на товар со обвинението.[4]

Признанието на вина може да се дефинира како **доброволно** дадена изјава на обвинетиот дека е вистинит некој факт што е штетен за него, односно дека кривичното дело кое што му се става на товар го сторил.

Обвинетиот може да ја признае вината во судската постапка или во пораните фази од постапката, односно во постапка за спогодување со јавниот обвинител. И во двата случаи, неопходно е признанието да биде **доброволно** за да биде допуштено. Имено, обвинетиот мора да биде согласен доброволно и експлицитно да го признае делото во текот на контролата на обвинението или на првото рочиште од главната расправа или пак имплицитно доброволно да прифати да учествува во постапката за договарање со обвинителот во текот на истрагата. Ова е всушност и еден од начините во текот на постапката да се гарантира правото на фер и правично судење. Неприфаќањето на изнуденото признание претставува гаранција дека обвинетиот нема да биде третиран како „жртвено јагне“, односно како лице што по секоја цена во постапка би ја прифатило кривичната одговорност за некое кривично дело, единствено инспирирано од потребата на органите на прогонот за привиден позитивен резултат во спречувањето на криминалитетот.[5]



Со таа цел, по даденото признание за вината, судијата поединец, односно претседателот на советот е должен согласно член 381 став 2 од ЗКП, да испита дали признанието е доброволно,

[1] Водич за член 6 од Европската конвенција за човекови права, стр. 40

[2] Пресуда бр. 65559/01 од 27.05.2007 година

[3] Пресуда бр.14348/02 од 06.05.2007 година

[4] Член 381 став 1 од ЗКП

[5] Новите европски тенденции за признанието на обвинетиот во постапката за спогодување низодредбите од Законот за кривичната постапка на Република Македонија, Д-р Бобан Мисоски, Д-р Дивна Илиќ Димоски

*Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту
Еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и
ставовите на Фондацијата Отворено општество-Македонија.

дали обвинетиот е свесен за правните последици од признавањето на вината, за последиците сврзани за имотноправното побарување и трошоците на кривичната постапка.

Исто така обвинетиот мора да знае дека со неговото експлицитно или имплицитно признание се согласува со определената казна или санкција, како и со обврската за евентуалното надоместување на причинетата штета. Ова значи дека мора да му се објасни дека неговото признание бездруго води кон определени штетни последици што паѓаат на негов товар.

Согласно сето погоре наведено, од суштинско значење е признанието на вина да биде израз на слободна волја на обвинетиот, и тоа има вредност само ако е дадено по правилно изложените поуки за своите права[6] од органот што го спроведува испитувањето.

Во конкретниот случај, како што е наведено и погоре станува збор за двајца обвинети, од кои едниот од нив признал вина, а другиот изјавил дека не се чувствува за виновен. Притоа, пред започнување на главната расправа, не им биле дадени поуки на двајцата обвинети за правата кои ги имаат во постапката, кое нешто е спротивно на член 205 од ЗКП. **Сепак, она што претставува кулминација на непочитување на правилата на кривичната постапка претставува фактот што судот се обидел да изнуди признание кај обвинетиот кој не се чувствувал виновен, со цел постапката побрзо да се заврши, притоа навестувајќи дека ќе изрече поблага казна поради признание на вина! Ваквото влијание на судот во поглед на признавањето на вина довело до тоа едниот од обвинетите да признае вина, иако не се чувствувал виновен, само со цел постапката да заврши побрзо. Ваквото постапување на судот не само што претставува крајно непочитување на правото на пресумпција на невиност, туку и целосно ја доведува во прашање функцијата на самиот суд која ја има како делител на правда.** Имено, судот е тој што треба да биде непристрасен и објективен во текот на целата постапка и кој треба да се грижи за правилно и целосно имплементирање на правата и гаранциите кои ги уживаат странките во постапката. Во таа насока, дури и кај даденото признание на вина во текот на главната расправа, судот мора да има еден активен и критичен став во однос на ова признание, што значи дека и покрај фактот што во овие случаи, согласно одредбите на ЗКП, судот ги изведува само доказите што се битни за одмерување на санкцијата, сепак, тоа не би требало да се толкува како негова неактивност во поглед на оценувањето на свесноста, доброволноста и основаноста на даденото признание. Па така, судот во ниту еден случај не смее да има било какво влијание врз давањето на признание на вина и да ги присилува обвинетите да признаат вина, дотолку повеќе што истиот тој суд претставува гаранција и заштитен механизам за почитување на правата на обвинетите и нивната волја.

Исто така, Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), смета дека, признанието на вина и спогодувањето за казна во суштина значи и откажување од голем број процедурални права, но тоа не претставува проблем само по себе, бидејќи Конвенцијата не спречува некое лице да се откаже од овие заштитни мерки **по своја сопствена волја**. Во пресудата *Нацвлишвили и*



[6] Согласно член 206 од ЗКП

*Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту Еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и ставовите на Фондацијата Отворено општество-Македонија.

*Тогонидзе против Грузија* [7] судот смета дека од круцијално значење е секое откажување од процедурални права да се воспостави на недвосмислен начин и да постојат минимум заштитни мерки кои се соодветни за заштита на правата на обвинетиот.

**Поради сето погоре наведено, Коалицијата „Сите за правично судење“ строго ја осудува оваа интервенција на судот во поглед на начинот на кој е дадено признание на вина и апелира доследно да се почитуваат правата на обвинетите во судските постапки и да се имплементираат меѓународните стандарди за фер и правично судење. Во таа насока, судот е оној орган кој што треба да се грижи за правата на обвинетите во постапката по службена должност и во ниту еден момент не смее да остави сомнеж за пристрасно водење на постапката.**



[7] Пресуда бр. 9043/05 од 29.04.2014 година

*Содржината е единствена одговорност на авторите и на грантистот и на ниту
Еден начин не може да се смета дека ги изразува гледиштата и
ставовите на Фондацијата Отворено општество-Македонија.